Сексуалните работници во Република Северна Македонија сè уште се една од најранливите и најмаргинализираните категории граѓани во општеството и изложени се на институционална дискриминација и јавна осуда. Институционалната дискриминација креира негативни ставови заради што сексуалните работници воопшто не веруваат дека институциите се ефикасни во заштита на нивните права и дека законите се спроведуваат праведно. Повеќето се убедени дека правниот систем не функционира еднакво за сите граѓани и ова е една од причините за слабата мотивација кај нив за поведување постапки и истрајност во барањето заштита и докажувањето на дискриминацијата.




Друга причина за слабиот одговор на оваа заедница за документирање и водење постапки за дискриминација е егзистенцијалниот ризик односно, приоритетот да преживеат наместо да водат битки со институциите. Немотивираноста може да се бара и во ограничените надлежности и препораките кои ги дава Комисијата за спречување и

заштита од дискриминација, а кои не вклучуваат материјален надомест. Оддалечувањето од институционалните системи за заштита е резултат и на институционалните лавиринти, долгото време за процесирање на случаите и потенцијалните ризици за откривање на нивната професија пред семејствата и пријателите.

*„Нема никаква приватност, ако отидам да пријавам, може ќе ме дознаат која сум во јавност, па дури и семејството“*, вели една трансродова сексуална работничка.

За да одговори на оваа состојба, здружението СТАР–СТАР од Скопје, го иницираше проектот „Охрабрени сексуални работници против дискриминација“. Од февруари до јули 2023 година, тие реализираа активности со кои целеа на зајакнување и унапредување на принципите на недискриминација и еднаквост на човековите права на сексуалните работници. Во интервенциите беа вклучени и сексуалните работници како активни чинители и носители на права. Во март, се реализираа две еднодневни обуки за управните и раководните структури на Здружението СТАР-СТАР Скопје и лидерите во заедницата
за зајакнување на организациските капацитети и за зајакнување на довербата на сексуалните работници во препознавање и користење на механизмите за заштита од дискриминација. На двете обуки присуствуваше и член на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за да ја објасни нејзината улога и надлежностите во унапредувањето на правата на сексуалните работници, како и постапките во заштитата од дискриминација.


ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ
РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ
СТАР